Бр./Nr 09-1779/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT 09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 54 та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-1779/1 од 04.05.2021 година, против судија во ---------, ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за постапување, бидејќи во конкретниот случај постапил надлежен орган, Судски совет на РСМ.

Предметот со број 09-1779/1 од 04.05.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 04.05.2021 година, поднесена е пријава против судија во ---------, --------, и оформен е предмет број 09-1779/1 од 04.05.2021 година.

Подносителот доставил пријава за поведување на постапка за утврдување на судир на интереси при одлучување од страна на судија ----------, судија во ---------- во постапка заведена пред Врховен суд на РСМ по ПССРГ бр.----------. Пријавителот појаснува дека доставил Барање за заштита на правото на судење во разумен рок во постапка ППОВ ---------- на Основен суд --------- која се водела по вонреден правен лек – предлог за повторување на постапката завршена со правосилна судска одлука П.бр.----------- од -------- година на Основен суд -----------. Ова барање е доставено до Врховен суд на РСМ и по истото одлучувал Претседател на совет судијата ----------, кој во споменатата постапка по која е донесена правосилна судска одлука П.бр.--------- од ---------- година бил полномошник/адвокат на тужителите. Според пријавителот е направена повреда на член 6 став 2 од Законот за судови. Пријавителот доставил и претставка до Судски совет на РСМ

за конкретното постапување на судијата ---------, од каде му имаат доставено известување дека претставката е неоснована од причини што судијата во своите наводи имал соодветно објаснување, но сепак Судски совет преку Координаторот за Врховен суд на РСМ, темелно ќе го испита конкретниот случај со увид во предметот, со што ќе утврди дали од страна на судијата било побарано изземање, како и дали е донесено одлука во врска со истото.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапува надлежен орган. ДКСК нема елементи за надлежно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Изготвил: С.М – виш соработник
Одобрил: К.Н-член на ДКСК